**ЈАНА КУНОВСКА**, *ликовна уметница*



Тони Димков · Ивана Кузмановска

# ИГРА СО СИМБОЛИ

ПРЕДИЗВИЦИТЕ НА МОДЕРНОТО ВРЕМЕ СЛИКАРКАТА ЈАНА КУНОВСКА ГИ ТОЛКУВА НА СВОЈ НАЧИН, ПРИТОА КОРИСТЕЈЌИ ГИ СВОЈАТА ИМАГИНАЦИЈА И ИСКУСТВА СТЕКНАТИ ВО ЖИВОТОТ

Десетина години наназад ликовната уметница Јана Куновска немаше самостојно претставување во својот град. Нема мистерија во целата работа. Едноставно, во тој период таа повеќе беше активна на полето на графичкиот дизајн и, едновремено, своето ликовно творештво го претставуваше надвор од државата. Така, всушност, се појави идејата за ликовниот проект „Игра со карти“, кој минатиот месец беше претставен и во Скопје.

**„Изложбата беше финализирана во последниве три години и беше изложувана надвор од Македонија, и тоа во Хрватска, во Грожњан, во Риека, а дел од изложбата беше претставен и во Загреб. Хрватите први појавија интерес и беа спремни финансиски да го поддржат проектот бидејќи кураторот Еуген Водопивац – Борковски, кој претходно дојде во Скопје да ги види делата, инсистираше изложбата да биде претставена таму. Потоа се ослободи простор во Културно – информативниот центар во Скопје, каде истата изложба можеше да ја види и македонската јавност“**, објаснува Куновска.

Насловот „Игра со карти“ трпи повеќе толкувања. Дури и авторката нагласува дека има „игра“ со симболите кои се претставени на сликите. На големи платна, насликани со техника масло на платно, се презентирани крал, дама, џандар и џокер. Луѓето секогаш различно ги доживуваат сликите, така што може да се каже дека станува збор за големи карти за играње, но и дека тоа се портрети на играчи на карти.



**„Или, може да се каже и дека цело време на сликите се презентираат луѓе кои и во историјата и во денешницата и во иднината имаат исти карактери, или исти функции. Кога би било потребно јавно да се изјави карактерот на картата, или јавно да се изјави карактерот на портретот кој е насликан, за да не се вулгаризира човекот може да се вулгаризира картата“**, разјаснува уметницата.

Ликовнот критичар Еуген Водопивац – Борковски суштински проникнал во моментот на уметничкиот чин, забележувајќи дека играта и креативноста се патувања во непознатото и дека само уметникот може да внесе рамнотежа меѓу стекнатите спознанија и сопствените чувства. „Авторката е свесна дека постмодернистичкото време не одведе во подрачјето на игрите и на сомнежот. Секое ликовно обликување е вид игра и за уметникот и за набљудувачот. Станува збор за комуникација, проток претставен со симболи. Овој правец води кон деконструкција на вистината. Светот не е објективно реален. Реалноста е субјективно детерминирана, а потрагата за спознавањето е неизбежно сведена на постојани чинови на интерпретација и реинтерпретација. Стана неопходно да се избрише стариот поим – набљудувач, и да се стави нов поим – судија“, потенцира Водопивац.

Слична теза развива и Наде Пешева, историчарка на уметноста, која во картите кои се оживеани во сликите на Јана Куновска, ја пронајде дилемата: „Дали авторката е современата Алиса која запаѓа во замката на имагинарниот/дигиталниот свет, во кој визуелната комуникација е во функција на пропагандата на современото потрошувачко општество?“.

**„Мислам дека човекот како единка многу тешко ќе се снаоѓа, многу тешко ќе егзистира во 21-иот век. Не го чувствувам тешко за мене, туку го чувствувам тешко за човештвото“**, ги откри Куновска своите чувства за времето во кое живееме, и додаде: **„Моментот на егзистенција, на постоење, па дури и ликовното творење во 21-иот век влегува во сосема нова конотација, инспирација, размисла и нов начин на живеење. И сето тоа мора да го прифатиме, бидејќи немаме поинаков избор. Техничкиот свет длабоко е навлезен во нашите животи. Дури и добар е, креативен е. Технологијата напредува и човекот мора да го прифати тоа, да егзистира со неа и да се снаоѓа во овој и ваков свет“.**

Предизвиците на нашето време без задршка ги прифаќа, но нема намера да отстапи од својот начин на живеење со уметноста.

**„Направив еден чекор кој многу луѓе во овој сегашен начин на живеење го осудија, а тоа е што решив да се занимавам само со уметност, што е најтешко. Речиси е невозможно човек да егзистира само со уметност. Сепак, кога би размислувала за тоа што би сакала да правам понатаму во 21-иот век, би кажала дека ќе останам сликар. Но, кога би направила паралела, можеби би се занимавала со популаризација на уметноста, како дополнителен момент на сликарството“**, нагласи Куновска.

Најискрено ни откри дека сеќавањата на детството, од сè што досега поминала во животот, најсилно ѝ останале врежани во мислите.

**„Уште кога бев дете мечтаев да бидам уметник. Сега, во последно време, многу ми е битно тоа мечтаење од детството затоа што е многу чисто и многу искрено. Како растеме и стареeме многу несакани влијанија на сè што нè опкружува ни наметнуваат да ги занемариме нашите најискрени желби, кои на некој начин генетски ги носиме во себе. Затоа во последно време навистина се враќам во детството, си ги барам сите чисти и искрени желби кои сум ги имала како дете и се обидувам да ги остварам“.**



Сеќавањата на детството неминовно се поврзани со нејзиниот татко Спасе Куновски, еден од значајните македонски ликовни уметници, кој почина кога Јана имаше само девет години.

**„Секогаш бев опкружена со слики, со бои и со мириси на бои и многу сакав да седам во неговото ателје. Мислам дека секое дете сака да седи во ателјето на некој уметник, не станува збор само за ателјето на татко ми. Мојата привилегија беше тоа што ателјето се наоѓаше кај мене дома и светот на имагинацијата константно бил присутен, од самото мое раѓање. Можеби тоа придонело да се појави моментот да ја развијам својата имагинација и да почнам да ги доживувам боите. Дури имам и проблем кога моето ателје не мириса на боја, кога сите слики се надвор од ателјето. Така што тоа го гледам како огромна помош од татко ми. Како познато име во сликарството можам да кажам дека колку ми помогна, толку и ми одмогна. Некои луѓе зборуваат: 'ех, она е ќерка на Спасе Куновски, па нејзе сите привилегии ѝ се дадени', и тоа е голема неправда за мене. Можеби привилегиите навистина ми биле дадени, но тоа е поради тој имагинативен свет кој постоел кај мене дома. Но, многу ми одмогна тоа што почина многу млад. Да живееше подолго веројатно ќе ми откриеше некои тајни кои сè уште не сум ги осознала. Во секој случај многу ми недостасува. Сите мислеа дека како ќерка на Спасе Куновски сè ми е полесно, но не е така“**, заклучи Јана Куновска.

